сл. мр- Петар Стојанов

**Појаснувања кои доставениот материјал со предлог за разрешување на постојните состојби**

ПРОДАЖБА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО НА ЛИЦА КОИ ГО ПРЕЗЕМАТ УПРАВУВАЊЕТО СО ПРЕТПРИЈАТИЕ (член 60 – 64 од ЗТПОК) т.е. **"Модел на менаџерски откуп"**

I. Према дописот на Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (понатаму Агенцијата) бр. 03-2302 од 4.06.1997 година Агенцијата има заклучено 50 (пеесет) договори за трансформација на претпријатијата по овој модел.

- Во сите тие договори Агенцијата (која била застапувана од тогашните директори Д-р Мирољуб Шукарев или М-р Верица Хаџивасилева Марковска) е содржана одредба во (член 24) која гласи:

"На купувачот на акции му припаѓа остварената девиденда сразмерно на акциите кои ги поседува и акциите што ги држи Агенцијата, а кои превзело да ги купува, а најмалку 51% од акциите што ги издало Друштвото.

Купувачот како имател на акции се обврзува дивидендата да ја користи само за откуп на акциите што ги држи Агенцијата".

12 - Споменатата одредба е во директна спротивност со член 21 како и член 59 став 1 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (ЗТПОК) каде изричито е утврдено дека "приоритетните акции што претпријатието и ги издава на Агенцијата (а тоа се истите тие акции од член 24 на Договорот) даваат право (на Агенцијата) на девиденда од 2% годишно....".

Значи во случајот со член 24 од Договорот Агенцијата практично дивидендата од 2% која припаѓа по Законот на Агенцијата т.е. на Републиката (член 93 од ЗТПОК) спротивно на Законот ја преотстапува на купвувачот односно на менаџерскиот тим па разбирливо таквата одредба би била ништавна во смисла на член 32 од ЗТПОК.

- "**На примерот на "Алкалоид" Скопје** примената на одредбата на член 24 од Договорот практично значи дека постои оштетување на општествениот капитал во корист на менаџерскиот тим (како приватни физички лица) само за првата година од спроведување на Договорот во износ од 547.410,00 германски марки, (т.е. 273.705 акции x 2% = 547.410,00 германски марки), а останатите наредни четири години (рати) дивидендата би се намалувала за делот на

купените акции (примерно 273.705 акции – 54.741 акција = 218.964 акции х 2% 437.928 германски марки) итн.

Ваквото оштетување на општествениот капитал се однесува аналогно и на сите други 50 претпријатија и тоа само со примената на член 24 од споменатите договори (а само тоа се бара со споменатиот допис на Агенцијата) т.е. поништување на член 24 од Договорот.

II. Меѓутоа, лично сметаме дека оштетувањата на општествениот капитал кај овие 50 претпријатија е неспоредливо поголемо (од веќе прикажаниот пример со примена на член 24 од Договорите).

Имено, најголемото оштетување се состои во самата примена на баш овој модел за трансформацијата т.е. "менаџерскиот откуп".

Веруваме дека најголемиот број од овие претпријатија (овде не сме децидни зошто ги немаме потребните податоци за сите претпријатија) меѓу кои и "Алкалоид" (покрај примерно и "Скопска пиварница", "Фершпед", "Македонија Турист" итн.) немаа законска можност да го користат споменатиот модел за приватизација од проста причина што по Законот за оопштествен капитал (популарно познат како Закон на Анте Марковиќ) веќе беа приватизирани за поголем процент од 51%, а што е во спротивност со член 62 став 4 на ЗТПОК.

Практично со примената на овој модел спротивно на ЗТПОК се овозможни на "менаџерскиот тим" остатокот на општествениот не приватизиран капитал т.е. таканаречените приоритетни акции кои ги држи Агенцијата да ги откупат во рати на пет години (инаку би ја немале таа можност) понатаму, им беше овозможено да не стават хипотека на својот личен недвижен имот заради давањее на потребната гаранција (што се спротивно на член 64 став 5 од ЗТПОК) и што е најважно преку извршената проценка на вредноста на претпријатието (член 15 став 2 алинеја 4 од ЗТПОК) како што е познато, беше максимално обезвреден општествениот капитал, а со тоа и максимално оштетен (по моја слободна оценка само кај овие претпријатија помеѓу една до две милијарди германски марки).

III. Заради законско санирање на ваквата состојба кај споменатите 50 претпријатија т.е. овозможување на повторно правилно валоризирање на општествениот капитал како и отстранување на сите незаконитости кои ја пратеа таквата приватизација, лично сметаме дека е најцелисходно а воедно и законито да се постапи на следниот начин:

- Имајќи ја предвид околноста дека постапката за трансформација согласно ЗТПОК се спроведува по одредбите на Законот за општо управна постапка (ЗУП) а која околност не е спорна ни во практиката ни во теоријата, тогаш предлагаме,

- Комисијата на Владата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал по службена должност во смисла на член 268 точка 1 од ЗУП своите Решенија за давање на согласност за отпочнување на постапката за трансформација по овој модел, а кој се донесени согласно член 16 став 2 од

ЗТПОК **да ги огласи за ништавни** (т.е. да ги поништи од причина што решенијата содржат неправилности кои во смисла на член 32 од ЗТПОК истите ги прават ништавни.

Со поништувањето на таквите решенија согласно Законот односно член 269 точка 1 од ЗУП се поништуват и правните последици што ги произвело таквото незаконито решение од денот на неговото донесување па во иднина.

- Со вака спроведена и на закон заснована постапка генерално би се решило прашањто за отстранување на сите постојни незаконитости во спроведената трансформација по споменатиот модел кај овие 50 претпријатија т.е.

- Прво и најважно би се отворила можност за повторна нова проценка на вредноста на овие претпријатија односно на нивниот капитал (кои по моја слободна оценка како што е веќе споменато само кај овие претпријатија би се зголемил од една до две милјарди германски марки) со можност да се понудат на продажба на домашни или странски правни и физички лица,

- Би се избегнале поединечните парцијални судски постапки за побивање на таквите договори или на поединечни одредби во нив какои други акти донесени во процесот на трансформацијата. Инаку, таквите спорови по мое мислење ќе ја претворат Републиката во "масовна судница" и тоа најчесто по тужби на таканаречените "мали акционери" а споровите редовно ќе бидат гледано временски многу долги, скапи, а често и со неизвесен исход. Во секој случај со таквите поединечни спорови не може да се постигне герално и правно јасно расчистување на постојната состојба.

- Разбирливо, предложената постапка би ја операционализирала и анимирала Агенцијата за приватизација со формирање на посебна стручна група (тим) која би работела на оваа задача.

**ЗАМЕНИК**
**ЈАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**М-р Петар Стоилов**